Бесплатен примерок

# Општина Аеродром

| Број 81 | Година XIII | март - април 2018 г. | *Весник на Општина Аеродром*

## *Среќен 8-ми март!*



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009



ЕКОЛОГИЈАТА И НАТАМУ ПРИОРИТЕТ ..........................3
АКТИВНОСТИ ..........................................................4 - 11
ЕКОЛОГИЈА ..........................................................12 - 17
ОБРАЗОВАНИЕ ......................................................18 - 19
ЖИВОТ ....................................................................... 20
СПОРТ........................................................................ 21
ЗДРАВЈЕ ....................................................................22 - 23
СТИЛ...........................................................................24 - 25
ТЕАТАР .......................................................................26
ЗАБАВА........................................................................27
ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ..................... 28 - 29
ПИСМА .......................................................................30
ИНФО .........................................................................31



ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
д-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани

**Фоторепортер**
Томислав Атанасовски
Ладислав Кинг

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Златко Марин

**Печати**
Европа 92 - Кочани

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

Реализирано во првите 100 дена

# ЕКОЛОГИЈАТА
## И НАТАМУ ПРИОРИТЕТ ЗА АЕРОДРОМ

**Врвен приоритет на Општина Аеродром е и во иднина ќе биде реализација на еколошки проекти. Општинскиот буџет за заштита на животната средина се зголеми за 20 пати**



Во првите 100 дена од стапувањето на функцијата на градоначалникот Златко Марин почнаа и се реализираа голем број проекти, меѓу кои предничат активностите за подобрување на животната средина и образованието. Во тој период почна изградбата на нов објект за градинката „Буба Мара“, предвидовме средства за доградба на објектот „Црвенкапа“ на ЈДГОА „Срничка“, а во тек е обновата на училиштето „Димитар Македонски“ и реконструкција на три улици. Три милиони денари се наменети за реновирање на подовите во основните училишта „Љубен Лапе“ и „Лазо Ангеловски“, со што значително ќе се подобрат условите за квалитетно образование, а создавањето врвни услови во училиштата ќе биде наша постојана заложба.

Исто така, се реализира и еко-акција во чии рамки расчистивме голем број депонии и зелени површини. Воведовме нови проекти наменети директно за граѓаните, како што се еднократна финансиска помош за талентирани спортисти и 3.500 денари за секое првоодделенче, како и преземање на трошокот за обезбедување на училиштата и градинките.

За 2018 година се предвидени 300.000 евра за интервентни и долгорочни мерки за намалување на загадувањето на воздухот. Дел од нив се двосменското работење на општинските инспектори, набавка на прочистувачи на воздух за сите градинки, како и изработка на нацрт-план и садење нови дрвја за што се алоцирани 8 милиони денари.

Предавање за деца со хиперактивно однесување

# СОЗДАВАМЕ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ

Во соработка со здружението на граѓани „Во мојот свет“ Општина Аеродром неодамна организираше предавање наменето за наставниот кадар и стручните служби од основните училишта. Темата беше пристап во наставата за децата кои имаат хиперактивно однесување и АДХД.

Целта на предавањето е да се создаваат подобри услови за развој и поквалитетна настава во училиштата на територијата на Општина Аеродром.

Предавачот Марко Ферек, кој и самиот има АДХД, зборуваше за сопственото искуство и механизмите за одржување на вниманието кај децата, вештините за помнење и организирање, како и за начини и техники за полесно и поедноставно завршување на училишните задачи.






# 300.000 ДЕНАРИ ПОДДРШКА ЗА ДЕЦАТА СО АУТИЗАМ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА





Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, заедно со министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска и амбасадорот на Република Бугарија, Иван Петков, го одбележаа почетокот на проектот за ран третман и терапија на деца со аутистичен спектар на нарушување од социјално загрозени семејства што ќе се реализира во Центарот за сензорна терапија „Во мојот Свет“.

Општина Аеродром со задоволство го поддржува овој проект, кој им овозможува на децата од социјално загрозени семејства бесплатно да го посетуваат центарот за сензорна терапија. Откако здружението „Во мојот Свет“ ја посочи потребата од дополнителен кадар, Општината реши да издвои 300.000 денари од сопствениот Буџет наменети за стручни лица кои ќе работат во втора смена со децата на возраст од 2 до 9 години. Родителите на деца со аутизам се заблагодарија за почнувањето на проектот и повикаа сите општини да го следат овој пример.



## Крводарителска акција во Општина Аеродром










Под мотото „ Дарувај крв - спаси живот!“ Општина Аеродром и Црвениот крст на Кисела Вода на 6.2.2018 година организираа крводарителска акција во просториите на општината.

На крводарителската акција крв даруваа вкупно 38 крводарители, меѓу кои градоначалникот Златко Марин, како долгогодишен краводарител, дел од вработените во администрацијата, како и голем број граѓани мотивирани за ваков хуман чин за помош во спасување нечиј живот.

Општина Аеродром им се заблагодарува на сите што дојдоа и даруваа крв, а поради големата заинтересираност крводаретелската акција преминува во редовна активност на Општината и ќе се организира два пати годишно.







# АЕРОДРОМ ЌЕ БИДЕ **РОДОВО СЕНЗИТИВНА** ОПШТИНА

Аеродром ќе биде родово сензитивна општина, со еднакви можности за сите. Ова е подетално предвидено со Меморандумот за соработка со Телото на Обединети нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women), кој на 5.2.2018 година го потпиша градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Соработката со оваа организација ќе се однесува во однос на воведување на родовата перспектива во локалните програми, нивно спроведување и следење преку примена на родово одговорно буџетирање, напредување во состојбата на жените и мажите на локално ниво, како и размена на искуство на државно и регионално ниво.






# ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ НА ТЕРЕН

Зимската служба на Општина Аеродром активно почна да работи на расчистување на снежните наноси на улиците, тротоарите, паркинг - улиците и патеките кои се под наша надлежност уште на првиот паднат снег.

Општина Аеродром има набавено две возила специјализирани за расчистување снег, кои веднаш по првите наноси излегоа на терен. Двете општински камиончиња во текот на вечерните часови фрлија 12 тони сол, а акцијата продолжи и во понеделникот наутро кога исто така, беа фрлени уште 12 тони сол за да се спречи замрзнување на коловозите. Во акцијата активно се вклучија и сезонските работници, кои ги расчистуваа приодите околу градинките и училиштата, а се интервенираше и на автобуските постојки и тротоарите.

Инаку, Општината има набавено 100 тони сол, а нашите зимски служби континуирано ја следат состојбата на терен и активно работат на обезбедување непречен тек на сообраќајот и расчистување на пешачките патеки.












# МЕСТО ВО УЈП, ПОДНЕСЕТЕ ДАНОЧНА ПРИЈАВА ВО ОПШТИНА!

Управата за јавни приходи (УЈП) на 26 февруари отвори канцеларија, каде се врши прием на годишните даночни пријави за 2017 година во просториите на Општина Аеродром.

УЈП обезбеди просторија во Општината и свој кадар што го врши приемот на ПДД - ГДП пријавите, обрасци достапни на граѓаните и доставувач кој ги презема применитe пријави, со цел доближување на услугите до граѓаните.

Канцеларијата на УЈП во Општина Аеродром ќе биде отворена до 16 март и тоа во две смени од 08:00 до 18:00 часот.



# ЕДНАКОВ ПРИСТАП ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ





На 15.2.2018 година во просториите на Општина Аеродром се одржа првата од трите работилници за креирање транспарентни и отчетни процедури за финансирање на граѓанските организации од буџетите на локалната самоуправа и стимулирање на примена на добри практики меѓу општините.

Работилниците се дел од проектот „Силни граѓански организации за позитивни социјални промени" поддржан од ЕУ (IPA Civil Society Facility and Media Programme 2015) спроведуван од Центарот за одржлив развој - Алка Скопје.

Како резултат од овие работилници се очекува да произлезе методологија за транспарентна распределба на средства за здруженија на граѓани што ќе овозможи компетитивност на идеите и спроведување на проектни активности кои се важни за целата заедница.



# ОПШТИНА АЕРОДРОМ СЕ ГРИЖИ ЗА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ

**За семејствата од опожарените куќи во населбата Лисиче Општината обезбеди финансиска помош, а дедото на напуштените близнаци го вработи на одржување на зеленилото во населбата Долно Лисиче**





На последната седница на Советот на Општина Аеродром одржана на 28.2.2018 година, беше донесена измена и дополнување на Програмата за остварување социјална и детска заштита за 2018 година.

Според измената, покрај средства за социјално ранливите категории граѓани, е предвидена парична помош и заради претрпена природна непогода и друга несреќа со трајни последици.

Со тоа се овозможи законска основа за доделување парични средства во износ до 100 илјади денари семејствата од опожарените куќи во населбата Лисиче, кој се случи ноќта на 27-ми јануари. За хуманиот пристап на Општина Аеродром говори и заедничката посета на градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин и директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, Аднан Џафероски на семејствата веднаш откако изби пожарот, а екипите на Општина Аеродром веднаш излегоа на терен и помагаа во расчистување на локацијата и процена на штетите.

Грижата на Општина Аеродром за сите граѓани се покажа на дело и кога му пристапи на семејството Зафировски веднаш по сознанието за условите во кои живеат и тешката финансиска состојба. Притоа, Веле Зафировски, дедото кој се грижи за напуштените близнаци, Тео и Тони од први јануари почна да работи во Општина Аеродром. Веле е задолжен за одржување на зеленилото во населбата Долно Лисиче каде што живее. Се надеваме дека помошта што ја доби семејството изминатиот период ќе им обезбеди подобар живот.





# СЕ БАРААТ ИЗМЕНИ НА ПРОЕКТОТ ЗА **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА „КОСТА НОВАКОВИЌ“**

Општина Аеродром бара измени на проектот за реконструкција на улицата „Коста Новаковиќ“ во Стар Аеродром, за чија реализација требаше да се исечат 56 дрвја.

Реализацијата на проектот е спротивна на заложбите на новото раководство на Општината, кое се стреми да го заштити и дополни постојното зеленило во Аеродром.

Истовремено, улицата е небезбедна за сите учесници во сообраќајот и не нуди соодветни услови за жителите на Аеродром. Токму затоа, Општината донесе одлука да се почне само со реконструкција на коловозните ленти, без да се сечат околните дрвја. Во меѓувреме, се бара измена на проектот во изведба, за да се заштити што повеќе зеленило. Во овој процес ќе бидат вклучени избраниот изведувач и соодветните јавни претпријатија на Град Скопје.







Проект „Зголемено вклучување на граѓанското општество во процесот на донесување на одлуки од областа на животната средина“

# ВКЛУЧИ СЕ, **ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА!**

Општина Аеродром неодамна учествуваше на завршната конференција за проектот „Зголемено вклучување на граѓанското општество во процесот на донесување одлуки од областа на животна средина”.




Целта на проектот, како што укажува и самиот наслов, е да се зголеми вклученоста на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки од областа на животната средина на локално ниво и да се зајакне свеста на граѓанските организации за прашања поврзани со животната средина.

На завршната конференција беа презентирани резултатите и промените кои се постигнати во рамките на проектот, како и тригодишните акциски планови за поголема вклученост на јавноста во процесот на донесување одлуки




во областа на животната средина за општините Аеродром, Македонска Каменица, Македонски Брод, Карпош, Ресен и Струмица и добрите практики за вклучување на јавноста. Воедно, беше претставена и неформалната мрежа за животна средина формирана во рамки на проектот.



Инаку, во рамки на овој проект, кој ќе трае до 2020 година, во Општина Аеродром беше промовиран „Вело-остров“ во паркот Јане Сандански под мотото

**„Вклучи се, за здрава животна средина!“.**



# ВОЗЕЊЕТО ВЕЛОСИПЕД МОЖЕ ДА ТРАЕ 365 ДЕНА ВО ГОДИНАТА!

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин и дел од вработените во Општина Аеродром на 9 февруари на своите работни места дојдоа со велосипед по повод меѓународната акција „Вози точак и во зима!“ (Winter bike to work day), која годинава се одржа по 6-ти пат, по 4-ти пат и во Скопје. На тој начин беше испратена порака за подигање на свеста за негување здрав дух и чиста животна средина.

Целта на оваа акција е да се популаризира возењето велосипеди и во зима. На официјалниот сајт на оваа организација може да се види светското пријателско натпреварување меѓу градовите, меѓу кои Скопје е на 5-то место.

Нашите благи зими се сосема соодветни за возењето велосипед да не престане преку целата година. Со соодветна облека, соодветна опрема за велосипедот и заштитна маска за деновите кога воздухот е загаден, возењето велосипед може да трае 365 дена во годината.






# СЕ ПОДОБРУВААТ УСЛОВИТЕ ЗА ВОЗЕЊЕ ВЕЛОСИПЕД



Општина Аеродром во наредниот период ќе добие нови вело-ленти и вело-патеки на улиците во нејзина надлежност.

Ова беше договорено на неодамнешната средба меѓу градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин и претставниците од неформалното здружение „На точак“.

Исто така, ќе се работи на изнаоѓање велосипедски инфраструктурни сообраќајни решенија, како и одредување локации каде има потреба од поставување паркинг за велосипеди низ целата територија на општината.

Во рамките на овој проект ќе се организираат и кампањи за подигнување на јавната свест, со цел да се поттикнат граѓаните да го користат велосипедот како превозно средство.





# ИНТЕРВЕНТНИ МЕРКИ ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО

Откако Општина Аеродром воведе двосменско работење на општинските инспектори и за време на викендите и тоа од 08:30 до 22:00 часот, континуирано се спроведуваат редовни и вонредни контроли, пред сè на индустриските капацитети, автосервисите, градилиштата, угостителски објекти, јавните површини, а по пријава на граѓани се посетуваат и приватни домови.

Притоа, во неколку наврати е забележано палење оган и гуми, раскопување трева, оставање шут на јавна површина, продажба на земјоделски и индустриски производи на недозволени места, за што загадувачите добиле опомени. Исто така, општинската инспекција по пријави од граѓани посетуваше индивидуални домаќинства со цел да ги едуцира какви огревни материјали треба да избегнуваат за загревање на домовите, со цел да се намали загадувањето и да избегнуваат употреба на несоодветни материјални, особено фарбани табли од иверка или отпад од градежништвото.

Покрај континуираната работа на инспекциските служби, изминатиот период Општина Аеродром презеде и други интервентни мерки против загадувањето како набавка на прочистувачи на воздух за детските градинки, изработка на стратегија за промена на системите за греење и поставување енергетско ефикасни фасади на овие објекти, садење дрвја и дополнување на блоковското зеленило во урбаниот дел, предвидено за почетокот на пролетта, а во тек се и преговори со Министерство за животна средина и просторно планирање и UNDP за реализација на таканаречена улица со „нула емисии“, која вклучува промена на системи за греење и обезбедување енергетска ефикасност на одбрани објекти.

**Општина Аеродром во текот на изминатиот период во неколку наврати, кога прагот на алармирање за PM10 честичките ја надмина вредноста од 200 µg/m3 во текот на два последователни денови, апелираше до граѓаните:**

- да не ги користат возилата без потреба
- повеќе лица да се возат во едно возило
- да се користи јавниот превоз
- за затоплување на домовите да не се користат отпадни материјали, прегорено машинско масло, лакирани и обоени отпадоци од дрво, стиропор, ПЕТ амбалажа, гуми и каков било синтетички материјал, односно за затоплување да се користи суво и чисто дрво без примеси од земја и отпадоци
- печките на дрво да се користат и одржуваат според упатствата на производителот.





# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ИЗДВОЈУВА 8 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА НОВИ ДРВЈА




Општина Аеродром, во соработка со Град Скопје и ЈП Паркови и зеленило, изготвува план за дополнување на постојните дрвореди и садење нови дрвја, односно обновување на блоковското зеленило на целата територија на Општината.

Видот на дрвја што ќе се садат го утврдуваат стручните лица од Општината, Градот и јавното претпријатие според потребите на секој регион и условите што ги нуди скопското подрачје. Дрвјата ќе се садат во пролетниот и есенскиот период, во зависност од видот на садници.

Изготвениот нацрт-план отсега ќе се адаптира годишно и ќе нуди насоки за редовно дополнување на зеленилото на целата територија на Општина Аеродром, за што локалната самоуправа секоја година ќе издвојува средства од сопствениот Буџет. Оваа година имаме издвоено 8 милиони денари за набавка на нови садници и дополнителни средства за изградба на нови паркови и одржување на зелените површини.

Кампања „Јас внимавам“

# СООБРАЌАЈНИ ПОЛИГОНИ ЗА ДВЕ УЧИЛИШТА ВО АЕРОДРОМ





Основните училишта „Ѓорѓија Пулевски„ и „Лазо Ангеловски“ неодамна добија едукативни сообраќајни полигони како донација во рамки на Националната кампања „Јас внимавам“.

Целта на овој проект е да се едуцираат децата дека треба да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и на тој начин да ја зголемат својата безбедност како учесници во сообраќајот.

Покрај поставените полигони, пред учениците беше изведена и едукативна театарска претстава, преку која се симулираат различни ситуации од сообраќајот, а за понатамошно креативно учење децата добија и тематски боенки.

Кампањата беше поддржана од Министерството за внатрешни работи и имаше за цел да делува проактивно и едукативно, а со тоа и да придонесе во позначителни резултати во подобрување на сообраќајната култура.









# ПРОЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХ ЗА СИТЕ ГРАДИНКИ

Сите градинки во Општина Аеродром ќе добијат прочистувачи на воздухот. Општината неодамна распиша тендер за купување на 83 прочистувачи.

Станува збор за една од интервентните мерки во борбата со нечистиот воздух. Планирано е прочистувач да има во буквално сите простории во секоја градинка. Според тендерската документација треба да се набават 36 прочистувачи за простории со квадратура од најмалку 30 квадратни метри и 47 за простории со најмалку 50 квадратни метри. Заедничко за сите прочистувачи е тие да имаат функција да го прочистуваат воздухот од честички ПМ 2,5; ПМ 10 и ПМ 0,3 - 0,5 и истовремено да го прочистуваат воздухот и од прав, чад, мувла, човечки и животински влакна, вируси и бактерии.





Инаку, покрај прочистувачите за детските градинки од Општина Аеродром, клонот „Калинка“ на градинката „Срничка“ веќе доби прочистувачи како донација од „Лукоил“, а ваква донација од Електрани на Македонија е најавена и за детската градинка „Сонце“.

# ЕТНО-ОДАЈА ВО АЕРОДРОМ

Здружението на уметници ракотворци „Арти крафт“ од Скопје, кое постои пет години, отвора Етно-одаја во Општина Аеродром, во која ќе бидат претставени носии од скопскиот регион, стари предмети од покуќнина, како и сувенири изработени од неговите членови.

Етно-одајата се наоѓа спроти ОУ „Браќа Миладиновци“, каде се предвидени три изложби - на народни носии, на сувенири и на копаничарски предмети. Дел од носиите, како што велат од Здружението се од приватна колекција, а за да се збогати збирката во Етно-одајата добредојдени се и донации од граѓаните, кои имаат стари етно-предмети што не им се потребни.

Исто така, во Етно-одајата ќе има и едукативни работилници, каде што во живо ќе бидат претставени стари занаети, како ткаење на разбој, копаничарство, грнчарство, опинчарство, изработки со срма и слама, филигран, пирографија, плетење и нижење монистра...













# АЕРОДРОМЕЦОТ ВЕСЕЛИ - ЕВРОПСКИ ВИЦЕШАМПИОН ВО КАРАТЕ



Градоначалникот Златко Марин им додели признаници за особени успеси во спортот на Фаик Весели, Столе Смилковски и Марио Свинарски. Тројцата каратисти, со живеалиште во Општина Аеродром, постигнаа врвни резултати на Европското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори - U21 во Сочи, Русија.

Имено, Фаик Весели го освои сребрениот медал во јуниорска конкуренција во борби, а Столе Смилковски зема 5 место во категоријата до 55 килограми.

Општина Аеродром наскоро ќе објави повик за доделување еднократна финансиска поддршка за талентирани спортисти, со цел да ги поттикне младите да ги реализираат своите амбиции и да придонесе за развивање на спортот во општината.

Исто така, Општина Аеродром има потпишано меморандум за соработка со Центарот за едукација и менаџмент во спортот, кој се однесува на едукација на млади спортисти од општината во соработка со Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, како и соработка со Агенцијата за спорт и млади на Република Македонија во делот на унапредување на училишниот и масовниот спорт и поддршка на индивидуалните спортови.

# НОВИ ПРОЕКТИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Градоначалникот на Општина Аеродром Златко Марин потпиша меморандум за соработка со директорот на Центарот за едукација и менаџмент во спортот – Скопје, Бојан Захариев.

Соработката се однесува на едукација на млади спортисти од општината во соработка со Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, како и соработка со Агенцијата за млади и спорт во делот на унапредување на училишниот и масовниот спорт и поддршка на индивидуалните спортови.

Исто така, во рамки на меморандумот за соработка се предвидуваат истражувања на искористеноста и подобрување на инфраструктурата, организација на трибини, меѓународни турнири и активности во насока на подобрување на условите за работа во спортските клубови, како и хуманитарни манифестации од областа на спортот.



Општина Аеродром од оваа година воведува и еднократна финансиска поддршка за талентирани спортисти, со цел да ги поттикне младите да ги реализираат своите амбиции и да придонесе за развивање на спортот во општината.

ЗДРАВЈЕ

# ЛЕКАРИТЕ СОВЕТУВААТ **КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИМЕ ОД ГРИП**

Институтот за јавно здравје предупреди дека оваа сезона во земјава циркулираат повеќе вируси на грип. Лекарите и фармацевтите, пак, предупредуваат да не се посега по антибиотици на своја рака, туку исклучиво по препорака на доктор, особено поради тоа што антибиотиците не лекуваат грип ниту настинки, туку исклучиво бактериски инфекции или се користат за нивно спречување. Сепак, тие препорачуваат повеќе видови мерки **за превенција.** Општите мерки за заштита од грип се мерки кои се насочени кон сите акутни респираторни заболувања и може да се од голема корист, особено ако се применуваат во текот на целиот зимски период:



» Да се избегнува собирање и престој во простории каде престојуваат повеќе луѓе, особено да се избегнува близок контакт со луѓе кои се болни или сомнителни - кашлаат, киваат, имаат покачена телесна температура!

» Често да се мијат рацете со вода и сапун или средство за дезинфекција!

» Да се загреваат просториите за престој и често да се проветруваат!





» Препорачливо е топло, слоевито облекување, топли бањи!

» Да се пијат топли напитоци (чаеви и супи), овошни цедени сокови, вода со лимон.

» Да се земаат свежи продукти богати со витамини и минерали, најдобро овошје и зеленчук кои му се неопходни на организмот. Особено се пожелни продукти богати со витамин Ц (цитрони, лимони, портокали, пиперка). Доколку не се располага секогаш со свежи прехранбени продукти, може да се користат и мултивитамински напитоци и препарати.

» Како дополнителни средства може да се користат препарати на база на прополис, мед, ѓумбир, лук и сл.

» Практикување здрав начин на живот и здрави навики, вклучително добар сон и одмор, здрава храна, одржување физичка и психичка активност, намалување на стресот. Силниот имунитет помага да останеме здрави или полесно да се справиме со грипот и заболувањата слични на грип.







Во пресрет на **8-ми Март**

# ШТО ЗНАЧИ ДА БИДЕШ ЖЕНА



*д-р Татјана Стојаноска Иванова, Институт за социологија, Филозофски факултет - Скопје*



***Искрено негодувам на вулгаризацијата на овој празник, бидејќи тој треба да се чествува во духот на самата кауза, без засилени и наметнати празнувања, без ора, чочеци и скапи тоалети во кафеани, без подароци од типот на ти го дај ми го, едноставно и скромно, да се проговори и да се одговори: Зошто е значаен 8-ми Март - Меѓународниот ден на жената?***

*Слика 1*

Средовечна жена, штотуку вратена од работа, додека го запржува петочното гравче, желно ги исчекува одговорите од своите деца, секако прашувајќи ги за оние настани и активности што им го обележале денот. Навидум релаксирана, но и помалку загрижена за нештата што не се во доменот на нејзина контрола, но сепак ведра и желна да упати добар збор на членовите од своето семејство.

*Слика 2*

Жена пензионерка, која само што почнала да ги вкусува бенефитите од својот неколку децениски стаж, седи пред телевизор и со далечинскиот управувач менува програми, ту на една ту на друга и се туфка, бидејќи во едната турска серија не видела дали тие што се љубеле конечно се зеле, но му раскажува на мажот додека ја мести масата точно во 14 часот за ручек, ќе ја гледам репризата.

*Слика 3*

Млада интелектуалка, ита кон такси возило и веднаш му вели да побрза, додека му ја кажува адресата истовремено врти на својот мобилен телефон, а на другиот праќа порака. Со повишен тон го прекорува своето момче дека не ја разбира, жалејќи се дека истовремено е и професорка, и член на невладина и дека сака сè да постигне максимално коректно и правилно.

И до бесконечност може да опишуваме слики, во кои главни протагонистки се жени, жени работнички, жени мајки, жени домаќинки, жени политичарки, пензионерки, докторки, фризерки, жени од сите возрасти, етникуми, професии. Иако секоја има своја приказна и свој живот, иако секоја е специфична сама по себе и интересна на себе својствен начин, иако секоја носи безброј радости но и грижи на своите плеќи, но за сите едно е заедничко, сите се борат за иста кауза и сите сакаат своите животни улоги да ги играат на најдобар можен начин.

*До кај сме и што направивме*

8 Март – меѓународниот ден на жената - едно прашање ни се наметнува: До кај сме и што направивме? Во современото општество, вклучувајќи го и македонското, има голем напредок и неколку чекори напред во однос на правата, одговорностите и статусот на жената денес, во однос на децении наназад. Компарирајќи ги државите од Европската Унија и Балканот се воочуваат одредени разлики, посебно во полза на политичките и раководните функции што ги заземаат жените, но сепак позитивниот пример што го следиме, не става во рангот на држави, кои ја почитуваат и ценат женската кауза. Можеби за многумина воведувањето позитивни квоти во политичкиот дискурс е дискриминирачки, но јас од еден поинаков агол тие позитивни квоти ги оправдувам, бидејќи без нив и без нивната обврзувачка моќ во едно делумно традиционално општество, многу малку жени ќе можеа да ги покажат своите компетенции во политиката и да се докажат како мудри и добри политичарки. Впрочем, за ова говорат и фактите и ако се направи споредба со почетоците на македонскиот плурализам ќе се види таа нагорна линија во политичката сфера, пред сè во бројот на пратенички и министерски места. Секако за тоа посебна благодарност и ловориките треба да се дадат на невладиниот сектор и форумите на жените, кои се изборија во рамките на своите матични партии да го воведат системот на позитивни квоти. Невладиниот сектор, посебно организациите на жени, преку позитивни примери, пред сè од државите кои се високо рангирани во однос на женската кауза, преку низа едукации, трибини и семинари успеаја да едуцираат жени, кои иако беа доволно образовани и самосвесни, сепак им беше потребен поттик и поддршка за нивна политичка мисија или отворање сопствен бизнис. Секоја чест за таквите активности и секоја личност која била дел од таква едукација или одреден настан ги знае бенефитите од истите. Секако дека ова се само дел од напредните дејанија, идеи и активности што придонеле за напредок и солиден статус на жената во современието, но не се доволни и конечни и треба уште едукација и борба за да се дојде до она посакувано и вистинско, идентично и изедначено ниво на двата пола.

*Сè додека постои дискриминација и насилство, сè дотогаш прашањата за женската кауза ќе бидат добредојдени и неминовни.*

За некого можеби е надминато, за некого можеби е дегутантно, за некого можеби е здодевно, за некого интересно, но за мене и тоа како е потребно да се говори за жената, таа да се стави на пиедесталот на кој и припаѓа и да се продолжи борбата за женската кауза. Едноставен е одговорот уште треба да се говори за женски права и прашањата поврзани со женската кауза и тие треба да бидат приоритетни бидејќи додека постојат избори за мис, каде се оценува женското тело и се третира жената како предмет, сè додека осамнуваат реклами за хот–лајн линии, со кои се праќа порака дека сексот со жената може да се купи и се потценува љубовта, сè додека постои дискриминација и насилство, сè дотогаш прашањата за женската кауза ќе бидат добредојдени и неминовни.



## ТЕАТАР КОМЕДИЈА: „ПРВИН ЌЕ МЕ ЗЕМЕШ, ПОСЛЕ ЌЕ МЕ...“



# ОВА Е ПРВОТО РЕАЛНО ШОУ ВО ТЕАТАР КОМЕДИЈА, ЗА КОЕ СЕ БАРА КАРТА ПОВЕЌЕ!!!

Во шоуто се пријавуваат лица, кои се во потрага по љубовен партнер. На средбата „на слепо“ се сретнуваат Ѓорѓи Мучев (Роберт Ристов) и Кети Мјау (Мирјана Поповска Ристов). Тој со еден неуспешен брак зад себе, решен никогаш повеќе да не се жени. Таа со цврста одлука, таа ноќ - на нејзиниот 30-ти роденден, по секоја цена - да се омажи.

Претставата е направена од палета независни варијанти на сцените. Водителот на шоуто (Дарко Вељиќ) ја води публиката низ претставата и ја консултира за тоа во кој правец би сакале сцената да се развие. Дали таа да го бакне или да му удри шлаканица, кој од нив двајца да одговори на повикот од неговата поранешна сопруга...

Но да не ги откриваме деталите, туку да оставиме вие, како публика, да дојдете и да ги одберете сцените, кои според вас се најскокотливи и да бидете сведок на нова и поинаква изведба од сите претходни. Токму од овие причини публиката доаѓа да ја погледне претставата и по неколку пати - во неколку различни варијанти.

Интеракцијата со публиката, камерите на сцена, како и проекцијата на видео-бимовите, кои симулираат реално шоу во живо, ја категоризираат оваа претстава во групата претстави што практикуваат поразличен пристап и модерна естетика.

Претставата беше дел и од Фестивалот на камерен театар „Ристо Шишков“ (2017), на кој актерот Роберт Ристов доби награда за најдобра машка улога од страна на интернационалното жири на НЕТА.

Режијата е на Ѓорѓи Ризески, а во претставата играат: Роберт Ристов, Мирјана Ристов и Дарко Вељиќ. Костимите се на Елена Лука, сценографијата на Роберт Ристов, кој се јавува и како продуцент, заедно со неговата сопруга Мирјана Ристов.




## ВИЦ НА МЕСЕЦОТ

### ПУШАЧИ

Си прават муабет двајца пушачи.

-Пред кој кафиќ излегуваш?

Има два типа болки: едната што те повредува, а другата што те променува.



> Војската од овци предводена од лав ќе ја порази војската од лавови предводена од овца.
>
> **арапска поговорка**
>
> Кој сее страв повеќе се плаши.
>
> **македонска народна поговорка**
>
> Луѓето кои не се задоволни со она што го имаат, никогаш нема да бидат задоволни ниту со она што би сакале да го имаат.
>
> **Сократ**

Единица мерка за ширење брзи вести: „НЕ КАЖУВАЈ НИКОМУ!“

## ПЕТ НЕВЕРОЈАТНИ ФАКТИ ЗА ОЧИТЕ

1. ОЧИТЕ МОЖАТ ДА РАЗЛИКУВААТ 10 МИЛИОНИ БОИ
2. ЛУЃЕТО СО СИНИ ОЧИ ИМААТ ПОГОЛЕМА ТОЛЕРАНЦИЈА НА АЛКОХОЛ ОД ОНИЕ СО ДРУГА БОЈА НА ОЧИТЕ.
3. ОКОЛУ 10 ОТСТО ОД ВРЕМЕТО ВО БУДНА СОСТОЈБА ГО ПОМИНУВАМЕ СО ЗАТВОРЕНИ ОЧИ.
4. НОЈОТ ИМА ОЧИ ПОГОЛЕМИ ОД НЕГОВИОТ МОЗОК
5. ОЧИТЕ НА АЛБЕРТ АЈНШТАЈН СЕ ЧУВААТ ВО ЕДЕН ТРЕЗОР ВО ЊУЈОРК.

# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ



Пред семафорите - Љупче Савески



Лет над Лисиче - Здравко Кафкалески



Поглед кон улицата Руди Чајевац пред 5 години - Златко Тодоров



Зајдисонце во Аеродром - Викторија Ѓеоргиевска

Драги читатели, Општина Аеродром од поодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најотркачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сѐ што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk



Нов ден е на повидок - Влатко Коцевски



Зајдисонце во Лисиче - Памела Павловска



Кокичиња - Ксенија Тодорова



Снешко - Христина Крстаноска

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.

## АЕРОДРОМ ЌЕ ДОБИЕ ТРИ ПАРКОВИ ЗА МИЛЕНИЧИЊА

**Почитувани,**

во име на повеќе сопственици на кучиња се замолува Општина Аеродром да изгради игралиште за кучиња, каде ќе можат слободно да бидат пуштени да трчаат, а да не им пречат на секојдневните минувачи и деца. Има одлична локација и празен простор кај хотел „Русија“ до игралиштето и по можност да биде заградено и да има врата, бидејки игралиштето во Ново Лисиче воопшто не е безбедно без врата, особено што се наоѓа на сама улица.

Ви благодариме однапред и се надеваме дека брзо ќе ни одговорите на нашето барање.

**Е.Г.**

**Почитувани,**

би Ве замолил во паркот зад зградите бр. 26, 28 и 30 на булеварот „Видое Смилевски Бато“ да се уреди дел за домашни миленичиња. Сега паркот е отворен, не е регулиран и доаѓа до недоразбирања меѓу родители со мали деца и сопственици на домашни миленичиња. Ценам дека со преградување на дел за домашни миленичиња ова недоразбирање ќе се надмине.

Поздрав

**Г.С.**

**Почитувани,**

живеам на улица „Методија Шаторов Шарло“ (поранешна „Руди Чајавец“) во воените кули. Во мојата околина голем дел од граѓаните чуваме домашни миленичиња (најчесто кучиња). Секојдневно ги изнесуваме кучињата во паркот пред зградите. Во нашите секојдневни комуникации разговараме на тема дека би било добро во нашата блиска околина да се изгради и игралиште за миленици. Предлагаме во тревникот околу зградите, можеби е најдобро во просторот наспроти новиот ресторан „Еквилибриум“ да се огради мал простор за нашите миленичиња. Насекаде во светот во големите градови се опредлуваат вакви простори за да можат кучињата слободно да си играат и да не им пречат на другите граѓани, кои се плашат од нив. Многу често има по два оградени простори, од кои едниот е за помалите кучиња и уште еден за поголемите. Инвестицијата не е голема. Потребно е само да се постави ограда од плетена жица, да се стави некаква подлога од асфалт или бекатон и корпа за фрлање на изметот од кучињата. Доколку Општината ни излезе во пресрет на граѓаните што чуваме кучиња (а не има сè повеќе и повеќе) бенефитот и за граѓаните и за општината ќе биде огромен.

Поздрав,

**В.Т.**

**Почитувани,**

Општина Аеродром има обезбедено средства за изградба на паркови за миленичиња. Во претстојниот период ќе се распише оглас за избор на фирма за изведба на три паркови за миленичиња на територијата на општината. Во моментов се одбираат локации.

Со почит,

**Општина Аеродром**

## ЗА ГОТВЕЊЕ НА БАЛКОНИТЕ ОДЛУЧУВААТ СТАНАРИТЕ ПРЕКУ КУЌЕН РЕД

**Почитувани,**

Ве замолувам од мое име и од името на неколку станари што сме засегнати со становите под нас на улица „Венјамин Мачуковски“ број 21 за помош. Имено, некои од нив балконите ги имаат претворено во кујни, каде се приготвуваат јадења и целата миризба доаѓа кај нас во горните станови. Не смееме да отвориме прозорци или врата од нашите балкони, ниту може да сушиме алишта зашто се умирисуваат, а замислете како е кога е топло и не може да се седи на балкон, ниту да се отвори врата или прозорец. Се надеваме дека некој совесен од нашава Општина ќе го прочита писмово и ќе интервенира кај нашиве комшии.

Ви благодарам

**Н.В.**

**Почитувани,**

Во врска со миризбата на готвена храна од станари од зградата во Законот за домување не постои забрана за готвење на тераса, но во рамки на членот 11 од истиот Закон, Заедницата на станари може да го уреди овој проблем како дел од куќниот ред на зградата.

Со почит,

**Општина Аеродром**

## ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ ЌЕ СЕ САНИРААТ НАСКОРО

**Почитувани,**

Дали ќе ја санирате пешачката патека пред зградата на улица „Анастас Митрев“ број 20, која е целосно раскопана и со дупки?

Со почит,

**J.P.**

**Почитувани,**

во моментов тече постапка за избор на фирма за санација, по што ќе се излезе на терен, ќе се направи увид и ќе се изврши санација на локациите, каде што е тоа потребно.

Со почит,

**Општина Аеродром**

## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |
| Полиција | 192 |
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |

### Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

### Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

### Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

### Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

### Урбани заедници

| | |
|---|---|
| Бисер | 075/316 526 |
| Јане Сандански | 075/316 527, 2451 050 |
| Мичурин | 075/316 522 |
| Острово | 075/316 510 |
| Стар Аеродром | 075/316 517, 2468 433 |
| Ново Лисиче | 078/371 764 |
| Горно Лисиче Запад | 075/316 523, 2438 891 |
| Горно Лисиче Север | 075/316 511, 2438 891 |
| Горно Лисиче Југ | 075/316 541, 2438 885 |
| Населба Лисиче | 075/316 520 |
| МЗ Долно Лисиче | 075/316 521, 2792 072 |

### Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

### ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Инспекција за животна средина | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Урбанизам | 2401 528 |
| | 2401 529 |
| | 2401 545 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| | 2401 534 |
| | 2401 540 |

### Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| КОД | 2672 196 |

### Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 3073 010 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |
| Оџачарски услуги | 2440 293 |
| Кабаст отпад | 0800 222 33 |

**ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА:**

**080052222**

